

Видое Смилевски - Бато (14. VIII 1915 - 8. IX 1979) е македонски комунистички деец, првоборец, народен херој и политичар. По Априлската војна бил секретар на ќелија, на

реонски комитет, член на МК и на Окружниот комитет на КПЈ во Белград. Во 1944 година бил упатен на партиска работа во Македонија. Бил учесник на Првото заседание на АСНОМ. Во три наврати беше претседател на Президиумот на Република Македонија, односно на Претседателството на Република Македонија.

Видое Смилевски е роден на 14 август 1915 година во Гостиварското село Никифорово, во печалбарско семејство . Неговиот татко е Македонец од Никифорово, додека неговата мајка е православна Албанка од Кичиница. По завршувањето на Првата светска војна, татко му го однел во Белград, каде што работел. Таму завршил основно училиште и трговска академија, каде што се вклучил во комунистичкото движење (1935). Тој делел летоци, учествувал во демонстрации и влегувал во конфликт со режимот.

Во 1935 година се вработил во хипотекарна банка во Белград. а кон крајот на 1939 година учествувал во акцијата за формирање на синдикален огранок на Сојузот на банкарските, осигурителните, трговските и индустриските службеници на Југославија (СБОТИЧЈ). Во тоа време тој веќе работел со партиската опрема во Белград, која по негово барање била сместена во неговиот дом.

Во овој период е примен за член на Комунистичката партија на Југославија (17. IV 1940). Поради полициски прогон, ја сокрил опремата и се илегализирал во февруари 1941 година. Потоа, до априлската војна раководи со техниката на Месниот комитет на КПЈ во Белград.

По Априлската војна во 1941 година, бил секретар на ќелија, на реонски комитет, член на МК и на Окружниот комитет на КПЈ во Белград. Во јануари 1943 година бил назначен за секретар на Окружниот комитет на КПЈ за Лесковац. Во февруари 1944 година по наредба на КПЈ заминал на истата функција во Врање, а од април до јуни бил секретар на ОК КПЈ за Пирот и бил инструктор на ПК на КПЈ за Србија.

Во јули 1944 година бил испратен на работа во Македонија, како секретар на Четвртиот обласен комитет на КПМ. Во август истата година бил делегат на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ). Набргу бил кооптиран во ЦК на КПМ и избран секретар на Обласниот комитет на КПМ во Скопје (кон крајот на октомври 1944). Но поради тешка болест бил на лекување до април 1945 година. Потоа, останал во Белград и работел како инструктор на Покраинскиот комитет на КПЈ за Србија и во Претседателството на Владата.

По Ослободувањето бил организационен секретар на ЦК на КПМ, претседател на Президиумот на Народното собрание на НРМ, член на Сојузниот извршен совет, член на Претседателството на ЦК на СКЈ, републички и сојузен народен пратеник, член на Сојузниот одбор на ССРНЈ, потпретседател на Извршниот совет на НРМ и член на Сојузниот извршен совет, потпретседател на Централниот одбор на СЗБ на НОВЈ, претседател на Главниот одбор на Сојузот на борците од НОВМ и претседател на Претседателството на СРМ. Автор е на голем број прилози за актуелните политички и стопански проблеми во дневниот и периодичниот печат.

Носител е на Партизанска споменица 1941 и Орден Народен херој на Југославија (7. VII 1953).

Видое Смилевски - Бато починал на 8 септември 1979 година во Скопје, за време на неговиот мандат како претседател на Претседателството на Република Македонија.



Подготвил Т.К.